# ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНИ ФОРУМСКИ СЕСИИ (2)

во Источен плански регион

| | |
|---|---|
| **Координатор:** | Александар Николов |
| **Модератор/ко-модератор:** | Ѓорѓи Велковски |
| **Период на известување:** | Прва и втора форумска сесија во период: |
| **Датум на извештај:** | 17.03.2022 |

*Забелешка:*

*Овој извештај треба да ги содржи релевантните информации во врска со текот на форумскиот процес, активностите, предизвиците, како и решенијата на организациските прашања кои се среќаваат во текот на овој извештаен период.*

## 1. АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СЛУЧИЛЕ ВО РАМКИТЕ НА ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

### 1.1. ПОДГОТВИТЕЛНИ АКТИВНОСТИ

#### *1.1.1. Активности за организирање (подготвителни и информативни активности)*

*Опишете ги подготвителните активности за организирање на форумските сесии и форумскиот процес (избор на модератор, ко-модератор, членови на ОГ, распределба на улоги и задачи за спроведување на форумскиот процес).*

- По известувањето дека Источен плански регион ќе реализира форум беше назначен координатор на проектот за ИПР, и се пристапи кон избор на модератор од листата на сертифицирани модератори според ЗЕЛС, согласно правилата и процедурите за избор. Паралелно со тоа се одлучи за избор на ко-модератор да биде Андреа Златковска. Исто така беа избрани и назначени членовите на Оперативната група вкупно 5 члена. Со цел запознавање со процесот, МЛС/СДЦ организираа подготвителен состанок со сите модератори и координатори.

По екипирањето се започна со подготовка на форумските сесии. Најпрво се одреди датумот на првата форумска сесија. Потоа членовите на оперативната група пристапија кон организација на форумската сесија технички и организационо. Исто така се направи идентификација на клучните локални /регионални партнери учесници на форумот и мобилизација на учесници, согласно упатството за регионални форуми.

*Опишете ги користените техники на информирање и мобилизација на граѓаните за форумските сесии и за средбите на работните/оперативната групи/-а (покани, телефон, постери, билтени, веб страна, социјални мрежи, медиуми и сл.).*

| |
|---|
| Кога почна процесот на подготовка на форумот беше поставена информација на веб страната на регионот, беше испратено и известување до сите општини вклучени во активностите. Се водеше сметка да бидат информирани учесниците од сите општини, да бидат поканети по еднаков број на граѓани и со иста структура. |

*Опишете ги преземените активности пред и после форумските сесиии (како течеше мобилизацијата на граѓани, дали и какви состаноци се одржани во ЕЛС и други релевантни чинители).*

**Оперативната група** се координираше по потреба пред организирањето на форумската сесија. Координацијата се одвиваше со користење на електронски средства за комуникација најчесто, додека дел од членовите на ОГ од канцеларијата за развој на центарот имаа и неколку координативни состаноци со физичко присуство. На состаноците се правеше план за форумот, поделба на обврски, се договараше информирањето на учесниците, за сесијата, активностите кои треба да се превземат и слично. Договорите беа и во делот на мотивацијата на граѓаните за нивно активно вклучување на форумските сесии, односно нивните активности.

**Останати важни средби**

Редовно се одржуваше комуникација на модераторот, ко-модераторот, односко координаторот на проектот.

Координативни состаноци се одржуваа и помеѓу ОГ и раководителот на Источен плански регион.

Имаше средби со експертот ангажиран за подготовка на концептите – проектите во рамките на форумите.

***Преглед на профилот на членови на ОГ***

| Вкупен број на членови на оперативната група | Мажи/жени/ млади | Етничка застапеност |
|---|---|---|
| 5 | 3/2 | македонци |

## 1.2 ФОРУМСКИ СЕСИИ и АКТИВНОСТИ МЕЃУ СЕСИИ

Дадете кратки информации за главните настани и активностите кои се одржани во рамки на периодот на известување во текот на форумските сесии и помеѓу форумски сесии.

### *1.2.1. Форумски сесии*

Дадете информација за број/дата на одржани сесии и број на присутни учесници и нивна структура (етничка и родова застапеност) како и припадност на некоја од ранливите категории[1] според општиот список на учесници.

*Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително родова застапеност и етничка припадност според општиот список*

| **Сесија** | | | **1** | **2** |
|---|---|---|---|---|
| **Дата на одржување** | | | **11.03.2022** | **19.04.2022** |
| **Вкупен број на учесници - вкупно (# млади под 34 години)** | | | **72** | **67** |
| **Број на учесници од општ список** | **Пол** | **М** | 43 | 35 |
| | | **Ж** | 29 | 32 |
| | **Етничка припадност** | **Мак** | | |
| | | **Алб** | | |
| | | **Тур** | | |
| | | **Срп** | | |
| | | **Вла** | | |
| | | **Ром** | | |
| | | **Др** | | |
| | **Припадници на ранливи категории** | *Наведете кои:* ______ | | |

[1] Овој податок се вади од прашалникот за евалуација

*Преглед на учесници на форумските сесии, вклучително родова застапеност според списоците по работни маси*

| ***Работна маса*** | ***Сесија 1*** | | ***Сесија 2*** | |
|---|---|---|---|---|
| | ***м*** | ***Ж*** | ***М*** | ***Ж*** |
| ***Рурален развој и земјоделие*** | ***5*** | ***2*** | ***6*** | ***4*** |
| ***Животна средина*** | ***9*** | ***2*** | ***4*** | ***3*** |
| ***Туризам и култура*** | ***5*** | ***4*** | ***4*** | ***4*** |
| ***Образование, спорт и млади*** | ***4*** | ***7*** | ***8*** | ***8*** |
| ***Социјални услуги*** | ***2*** | ***7*** | ***4*** | ***3*** |
| ***Економија и пазар на труд*** | ***4*** | ***2*** | ***3*** | ***3*** |
| **ВКУПНО** | **29** | **24** | **29** | **25** |

*Опишете го текот на форумските сесии и нејзините постигнувања врз основа на дневниот ред по сесија:*

| **сесија** | **главни точки на дневниот ред** | **главни цели на сесијата** | **опис на главните презентации** *(тема на презентација и презентер)* |
|---|---|---|---|
| ***1*** | *- Избор на приоритетни области;*<br>*- Структурирање на форумот*<br>*- Идентификација и дефинирање на приоритетни регионални проблеми* | *-Избрани приоритетни области за развој на планскиот регион;*<br>*-Воспоставена структура на форумот;*<br>*-Идентификувани и групирани регионални приоритетни проблеми* | *- Грантова шема за инвестициски проекти со дигитална компонента – Андреа Златковска*<br>*- Регионален форум во заедницата- Ѓорѓи Велковски, презентација на форумскиот процес* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2** | - *Презентација на предлог концептите подготвени финансирани од Грантовата шема за инвестициски проекти со дигитална компонента на МЛС и Швајцарската агенција за развој и соработка*<br>- *Приоретизација на проектите од грантовата шема*<br>- *Презентација на проектите од Програмата за регионален развој за 2022 година со индикативни средства за 2023 година на МЛС и БРР* | - *Презентирани Предлог концепти од грантовата шема*<br>- *Извршена приоретизација на трите предлог концепти*<br>-<br>- *Презентирани 6 Предлог Концепти од програма на БРР и МЛС 2022/ 2023* | |

*Опишете го текот на дискусии за време на форумските сесии:*

| **опис на главните дискусии** | **број на дискусии и дискутанти** *(жени/мажи, етничка припадност, сектор од кои доаѓаат)* | **опис и содржина на дискусијата** *(конкретното прашање или коментар по одреден проблем, конкретната идеја или предлог)* |
|---|---|---|
| ***сесија 1*** | Вкупен број на дискутанти 10. Жени 5, мажи 5. Шест дискутанти презентери од работни маси, 3 женски, 3 машки. Една дискутантка со парафразирање на предложен проблем. 3 прашања/ дискусии во продолжение, 1 жена и 2 мажи.<br><br>1. Г-дин Ѓорѓи Пеовски од општина Берово | - Како ќе се раздвојат проектите (бидејќи е една сесија два програми и буџети), или пак е потребно проектите да бидат подобни за финансирање и по двете Програми?<br>Модераторот одговори дека доколку одреден проект ги исполнува критериумите по двете Програми подобен е за финансирање по двете Програми.<br>Комодераторот дополни дека преку Програмата за рамно мерен |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. Г-ѓа Даниела Јаковлевска од општина Виница<br><br>3. Г-дин Љупчо Каракашовски од општина Пехчево | регионален развој 2022/2023 можат да се поддржат 8 концепти.<br><br>- Дали средствата на располагање се со вклучен ДДВ или се без ДДВ?<br>Г-дин Филип Димитровски (од проектна канцеларија) одговори дека средствата од Грантова шема кои се обезбедени преку МЛС се со вклучен ДДВ, додека останатата половина од средствата кои се обезбедени од СДЦ се без ДДВ.<br><br>- Дали ќе се работи напоредно по двете Програми или ќе се направи дистинкција?<br>Модераторот одговори дека денес прво ќе се дефинираат две приоритетни теми од Грантовата Шема, дека е потребно да се дефинираат минимум еден, а најмногу два проекти по работна маса и да се фокусира работата во одбраните приоритетни области, додека по Програмата за рамномерен регионален развој проектите може да бидат во било која стратешка цел. |
| ***сесија 2*** | Вкупен број на дискутанти 5. Жени 2, мажи 3.<br>1. Г-ѓа Благица Стојанова од општина Виница<br><br>2. Г-дин Љупчо Каракашовски од општина Пехчево | Да се внимава на одржливоста на понудените предлог концепти. Не е постигната целта со самата изградба на проектите, туку со обезбедување на нивно непречено и долгорочно функционирање и користење од страна на граѓаните од регионот. Да се стави Силен акцент на одржливоста.<br><br>Одржливоста на понудените концепти да биде внимателно испланирана, особено кај паркот. Тој посочи дека Пехчево се соочува со предизвици во одржувањето на Адреналинскиот парк. Затоа апелираше на добро планирање и изработка на план за одржливост. |

*Табела согласно активности по сесија (се преземаат од записник)*

**Табела 1.1.** Приоритетни области (сесија 1)

| Ред. бр. | Област | Предложено од | Рангиран/ избран | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **Стратешка цел 3 – Одржливо управување со животната средина и природните ресурси** | **32 учесници** | **1ва Избрана област** | |
| **2** | **Стратешка цел 5 – Зацврстување на Источен плански регион како атрактивна туристичка дестинација** | **10 учесници** | **2ра Избрана област** | |
| 3 | Стратешка цел 2 – Обезбедување на квалитетни и инклузивни социјални, образовни и здравствени услуги | 9 учесници | | |
| 4 | Стратешка цел 4 – Конкурентно земјоделство и подобар квалитет на живот во руралните средини | 1 учесник | | |
| 5 | Стратешка Цел 1 - Развој на конкурентна и иновативна регионална економија, преку осовременување на инфраструктурата, привлекување на инвестиции и работна сила прилагодена на потребите на пазарот на трудот | 0 | | |

**Табела 1.2.** Идентификувани клучни проблеми и препораки од првата форумска сесија (сесија 1)

| Дефиниран проблем | Препорака за решавање-предлог идеа | Препорачано од/до | Забелешка |
|---|---|---|---|
| **1.1.**<br>**- Потребата на старите лица од регионот да ја поминат третата доба од животот во чиста животна средина**<br>**- Инклузивен туризам – старите лица со потребата и овозможување на еднаков пристап на сите, вклучувајќи ги старите лица, преку користење туристички услуги**<br>**- Недостиг од капацитети за сместување во Дом за** | **1.1.**<br>**Изградба на нова ламела во Дом за стари лица Берово**<br><br>**Набавка на соодветна опрема** | **Препорачано од Работна маса: Социјални услуги** | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **стари лица Берово и воведување нова социјална услуга**<br><br>**1.2.Недостиг на содржини за туризам, спорт и рекреација** | **1.2. Изградба на нов спортско рекреативен и туристички парк во Штип** | | |
| **2.1. Неодржливо управување со природните ресурски – водата**<br>**2.2. Непостоење на примарна селекција на цврст отпад** | | **Препорачано од Работна маса: Рурален развој и земјоделие** | |
| | **3.1. Пречистителна станица во с. Соколарци**<br>**3.2. Квалитетен амбиентален воздух**<br>**3.3. Регулација на корито на р. Брегалница во Делчево**<br>**3.4.Заштита од пожари** | **3.1.,3.2. и .3. 3. - препорачано од Работна маса: Животна средина**<br><br>**3.4. – препорачано од претставник од Доброволното противпожарно друштво од Кочани** | **3.4. Заштита од пожари е додадено по предлог на претставник од Доброволното противпожарно друштво од Кочани, кој откако работната маса го отфрлила неговиот предлог како приоритет, истиот го изнесе пред форумот кој со аплауз подржа предлогот да биде додаден во група на регионални проблеми** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **животна средина.** |
| **4. Непостоење на комплетна инфраструктура околу туристичките локалитети во ИПР:**<br>- **пристапни патишта,**<br>- **осветлување,**<br>- **изготвување на информативни табли,**<br>- **смарт урбана опрема,**<br>- **хортикултурно уредување,**<br>- **недостаток на контејнери** | **-изградба на пристапни патишта,**<br>**-осветлување,**<br>**-изготвување на информативни табли,**<br>**-смарт урбана опрема,**<br>**-хортикултурно уредување,**<br>**-поставување на контејнери** | **Препорачано од Работна маса: Туризам и култура** | |
| **5.1. Недостаток на туристичка инфраструктура на културно историски и туристички локалитети во ИПР**<br>**5.2. Недостаток на систем за селекција на отпад** | **5.1.Поплочување на патеките во Ново Село, а може да се аплицира и во др. градови во ИПР** | **Препорачано од Работна маса: Економија и пазар на труд** | |
| **6.1. Недостиг на свест кај младите за селекција на отпад и осуство на стимулации за селекција на отпад**<br>**6.2.Неискористеност на експертските потенцијали на УГД за подигање на јавната свест и закрепнување на ЈП кои работат со загуби и немаат излезни решенија и развој на приватниот сектор** | **Решение -финансиски стимулации за сите домаќинства да ја подигнат својата свест за селектирање на отпад** | **Препорачано од Работна маса: Образование, спорт и млади** | **Дигиталната компонента е креирање на софтвер за генерирање на сите податоци** |

**Табела 2.2.** Презентирани концепти и препораки од втората форумска сесија (сесија 2)

| Препорака -предлог идеа/концепт | Препорака за подобрување | Забелешка |
|---|---|---|
| 1. Регулација на коритото на река Брегалница во централното градско подрачје на град Делчево – фаза 2 | | Да се внимава на одржливост |
| 2. Циркуларна економија - проект за примарна селекција на отпад „Продај го својот отпад" | | Да се внимава на одржливост |
| 3. Изградба на спортски комплекс (адреналински парк) општина Штип | | Да се внимава на одржливост |

**Табела 2.2.** Одлуки од форумот на втората форумска сесија (сесија 2)

| Ред. бр. | Наслов на концептот | Носител/ Партнер | Буџет (МКД) | Број на поени | Ранг број | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Изградба на спортски комплекс (адреналински парк) општина Штип** | **ЦРИПР/Општина Штип** | **(19.370.000)** | **17** | 1 | **1** |
| 2 | **Циркуларна економија - проект за примарна селекција на отпад „Продај го својот отпад"** | **ЦРИПР/Универзитет Гоце Делчев/ Штип, Кочани, Карбинци, Пробиштип, Виница и Македонска Каменица** | **(19.837,00)** | **13** | 2 | **2** |
| 3 | **РЕГУЛАЦИЈА НА КОРИТОТО НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО-фаза 2** | **ЦРИПР/Општина Делчево** | **(32.081.271)** | **6** | 3 | **3** |

**Табела 2.2.** Презентирани концепти и препораки за Програма за регионален развој со индикативен буџет на БРР и МЛС за 2022 и 2023 од втората форумска сесија (сесија 2)

| Препорака -предлог идеа/концепт | Препорака за подобрување | Забелешка |
|---|---|---|
| 1.Електрично осветлување на археолошки локалитет Баргала – општина Карбинци со Подобрување на културно-туристичката инфраструктура во ИПР –Штип | | |
| 2.Создавање на услови за развој на културен туризам - Реконструкција на Дом на култура Тошо Арсов – Виница | | |
| 3.Канали за наводнување и одводнување и каскади на р. Зрновка | | |
| 4.Уредување на рекреативен центар во туристичка населба Равна река II фаза | | |
| 5.Уредување на СРЦ Поникважа - Кочани | | |
| 6.Заштита на животната средина преку изградба фекална канализација во с. Соколарци II фаза – Чешиново Облешево | | |

### *1.2.2. Работа помеѓу сесии – пред и после сесиите*

*Опишете ги преземените активности пред и после форумските сесии.*

Работата пред и после сесиите беше сведена на активностите на модераторот, ко-модераторот, оперативната група, членовите на групите предлагачи на концептите и експертот ангажиран за подготовка на концептите.

**Оперативната група** се состануваше или координираше по потреба пред организирањето на секоја форумска сесија. Овие координации и комуникации се реализираа воглавном електронски. На координациите се правеше план за форумот, поделба на обврски, се договараше подготовката на документите потребни за сесијата, администрацијата на истата и слично. Договорите беа и во делот на мотивацијата на граѓаните за нивно учество на форумските сесии, односно нивните активности.

**Останати важни средби**

Средби полн состав на Оперативната група за организирање на сесиите. Се одржуваше редовна комуникација и координација на модераторот, ко-модераторот, надворешниот експерт. На овие координации / комуникации се правеше план и поделба на обврските за реализацијата на форумските сесии како координирање на процесот, потребните ресурси за процесот. Пред секоја од двете форумски сесии се одржуваше координативен состанок за сесијата која следи.

Координативни комуникации имаше редовно и со раководителот на Центарот за развој на Источен плански регион. Имаше средби, како и координативни комуникации на членовите на ОГ од центарот за развој на ИПР и на раководителот на ИПР со експертот ангажиран за подготовка на концептите – проектите во рамките на форумите. Исто така многу битни за развојот на концептите беа комуникациите на експертот со иницијаторите и предлагачите на концептите. На овој начин експертот беше во непосредна комуникација со предлагачите, а тој пак ги информираше за текот на процесот на развој на концептот и подготовката на концептите.

## 2. ПРЕДИЗВИЦИ, РЕШЕНИЈА И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

Со каков вид проблеми и предизвици се соочуваат во спроведувањето?
Што преземавте за надминување на тешкотиите, кој беше вклучен во решавањето на проблемот, и сл.
Наведете неколку научени лекции како резултат на реализираните активности.

| Проблеми/ предизвици | Преземени активности за нивно надминување | Научени лекции |
|---|---|---|
| | | |

## 3. РЕЗИМЕ

Накратко наведете ги резултатите од форумот, приоритетни проекти, препораките и следните планирани активности поврзани со форумот:

Источниот плански регион има повеќе остварени резултати и придобивки. Вклучена е планираната целна група за реализација на форумите.

Форумот донесе рангирање на приоритетни концепти од понудените три:

1. Регулација на коритото на река Брегалница во централното градско подрачје на град Делчево – фаза 2 (3то рангиран со 6 поени)
2. Циркуларна економија - проект за примарна селекција на отпад „Продај го својот отпад“ (2ро рангиран со 13 поени)
3. Изградба на спортски комплекс (адреналински парк) општина Штип (1во рангиран со 17 поени)

Во рамки на втората сесија на учесниците им беа презентирани и предлог концептите подготвени од страна на надворешниот експерт, а финансирани од Програмата за регионален развој за 2022 година со индикативни средства за 2023 година на МЛС и БРР.

1. Електрично осветлување на археолошки локалитет Баргала – општина Карбинци со Подобрување на културно-туристичката инфраструктура во ИПР –Штип
2. Создавање на услови за развој на културен туризам - Реконструкција на Дом на култура Тошо Арсов – Виница
3. Канали за наводнување и одводнување и каскади на р. Зрновка
4. Уредување на рекреативен центар во туристичка населба Равна река II фаза
5. Уредување на СРЦ Пониква - Кочани
6. Заштита на животната средина преку изградба фекална канализација во с. Соколарци II фаза – Чешиново Облешево

Во рамките на форумот беа дадени коментари и препораки за некои од концептите. Експертот при креирањето и финализацијата на проектите ќе ги земе во предвид препораките од учесниците на форумот, и ќе ги инкорпорира во проектите секаде каде што се прифатливи и одржливи.

| Место, ден, месец, година | Одговорно лице |
|---|---|
| Скопје, 17.03.2022 / 29.04.2022 | Ѓорѓи Велковски |

**Прилози:**
*Списоци на учество*
*Записници од фориумски сесии*
*Листа на приоритетни проекти и препораки*
*Фотографии*
*Евиденција на медиумски активности (линкови, објави и сл.*